# ИДНИНАТА СЕГА!




# ВРЕМЕ Е!

СОЈУЗ ЗА
ИДНИНАТА

СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА ПОДОБРО УТРЕ.
СЕКОЈ ОД НАС ОДЛУЧУВА ВО КАКВА ДРЖАВА ЌЕ ЖИВЕЕ.
ВРЕМЕ Е ДА ГО НАПРАВИМЕ ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР.

**Почитувани граѓани, пријатели, комшии, жители на општината Кисела Вода,**

Да се живее во модерна, урбана, напредна, европска општина не е само желба. На почетокот на втората деценија на 21 –от век тоа е право и потреба на граѓаните. За таква општина потребно е да имате визија поразлична од досегашната која се практикува деценија и повеќе, потребни се коренити промени, промени за поуспешно чекорење напред, промени во новиот економски развој, нови перспективи за граѓаните и идните генерации. За остварување на таквата визија на општината Кисела Вода и е потребна ПРОМЕНА И ТОКМУ СЕГА!

Целиот мој животен век, веќе 52 години, се одвива во оваа општина. Ги познавам нејзините достигнувања и падови. Но не можам, а да не констатирам дека оваа моја и ваша општина континуирано стагнира во нејзиниот развој. Чувствувам дека е повеќе од потребно да се вклучам во овој процес и со своето знаење и искуство да го сменам правецот на развој, од бавен и спор во динамичен и економски понапреден за побрзо достигнување на светските и европските вредности и стандарди кон кои се стремиме сите, не само за подобрување на севкупното живеење туку и за понапреден економски просперитет на општината и нејзините граѓани.

Градоначалничката функција најмалку ја разбирам како политичка функција во служба на одредена политичка партија како што се практикуваше досега. Јас професионално се занимавам со менаџерство, што подразбира секојдневно да се среќавате со големи предизвици и решавање на проблеми од различен карактер. Искуството стекнато во оваа професија е големо. Јас како кандидат за градоначалник, поткрепен со истото тоа искуство, знам дека можам и умеам да се справам со проблемите на општината. Затоа сметам дека токму функцијата градоначалник, е пред се одговорност пред сопствените граѓани, но и обврска да се реализираат нивните заложби за квалитететен и поудобен живот. Токму и затоа сметам дека преку оваа

функција може да се промени целокупниот тек на живеење и развој на општината и нејзините граѓани кон докажаните европски вредности.

Програмата што ја имате пред вас не е само напишани страници и лични перцепции за проблемите. Содржините во неа се и ваши идеи и барања, внимателно систематизирани врз основа на спроведените јавни анкети, а во кои и вие самите дадовте придонес. Во неа ќе ги најдете најсуштинските заложувања и потреби за реализација.

Карактеристика за нашата општина е тоа што истата е составена од два дела, урбан и рурален, во кои степенот на квалитетот на живеење видно се разликува. Тие два дела од секогаш имале свои карактеристики и посебности, различни едни од други, но сите заедно и ја даваат физиономијата на општината. Затоа, жителите на општината Кисела Вода имаат програма која ги решава нивните проблеми и потреби и им ги доближува стандардите на урбаното живеење. Две нивоа на проекти се главно насочени кон класификација на сите проекти предвидени во програмата. Истите мораат да бидат точно буџетски но и временски проектирани, а воедно со тоа и остварливи. Затоа во програмата сите проекти ќе бидат класифицирани во две нивоа. Ниво на приоритет (2013-2015) Ниво на континуитет (2013-2017).

Ниту една програма не може да биде реализирана ако нема стручна, професионална и компетентна и креативна администрација. Овие вредности ќе станат синоним за администрација на општината Кисела Вода.

Домашните компании постојано ќе имаат приоритет, иако заедно со својот тим ќе се посветиме на привлекување странски инвеститори кои би инвестирале во нашата општина, а со тоа ќе отвориме нови работни места и ќе го подобриме локалниот економски развој.

Изградбата на нови градинки и училишта ќе биде наш приоритет во секторот за образование, но истовремено  пред Градот Скопје ќе ја иницираме потребата од изградба на средно училиште за школување на професии  за потребите на стопанството.

Ќе се грижиме за младите од нашата општина. Девијантните појави (криминалот, наркоманијата, алкохолизмот) се проблеми на секое општество и се јавуваат најчесто кај популацијата од 14 -28 години. Локалната самоуправа ќе дава безрезервна поддршка на институциите кои што ги третираат овие проблеми, но и самата ќе спроведува проекти за едукација на младите. Соработка со стручната јавност, од образовните институции преку најразлични проекти наменети за децата.

Инфраструктурата е нешто од што зависиме сите. Истата мора да биде прилагодена според потребите на жителите, правните субјекти, реалниот бизнис сектор што делуваат на територијата на општината. Иако претставува комплексен проект, истиот мора да добие на приоритет и континуитет. Особено овој дел е од големо значење за руралниот дел. Немањето соодветна инфраструктура (улици, тротоари, осветлување, паркови,) го отежнува секојдевниот живот.

Драги сограѓани,

Подготвен сум  за сите ваши идеи, замисли и сугестии за напредокот на нашата општина  на кои би работеле заедно за истите да се реализираат. Затоа, ве повикувам на 24-ти Март да ја поддржите оваа програма за да почнеме заедно да ја креираме сликата на новата општина Кисела Вода. Заедно да го започнеме одењето по патот кон една поинаква иднина за општината и да ја направиме нашата општина поубаво место за живеење за сите нас. Со подршката на оваа програма вложувате во посветла иднина за вас и вашите поколенија.

Со почит,
Љупчо Васовски

# Инфраструктура

*Модерна, урбана, напредна општина е желба на секој граѓанин на Општина Кисела Вода. Во таа насока инфраструктурата е важен сегмент во изградбата на општината по европски терк како водечка општина во град Скопје.*

„Сојузот за иднината“ по преземањето на власта во Општината ќе се посвети на проектот за гасификација на општината, изградба и реконструкција на водоводни и канализациони системи, асфалтирање и поправки на улици, мостови, паркинзи, регулирање на речни корита, изградба на нови пазари според потребите на граѓаните, покривање на постоечките, како и обезбедување нормални услови како за продавачите така и за купувачите.
Изедначувањето на стандардите за живеење ќе ни преставува императив за наредниот четиригодишен мандат. Кисела Вода мора рамномерно да се развива за доброто на сите свои граѓани без разлика дали живеат во Црниче, Припор, Драчево...

## Енергија

- **Гасификација**

***Проблем:***
Иако градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ во изминатите 8 години ветуваа, во поглед на гасификацијата на општината Кисела Вода не е направено ништо. Во Кисела Вода постојат и реални и објективни услови за искористување на природен гас – изградениот гасовод од 1996 година од (стара рампа до влезот на населба Драчево), дава можност да се воведе природниот гас во домовите на граѓаните како и во стопанските субјекти. Имајќи предвид дека на потегот Пинтија - Драчево веќе постои изградена индустриска зона, приклучувањето и користењето на природен гас за овие стопански субјекти би значело голема заштеда на енергенси. Во рамките на тоа, истите можат да се јават и како коинвеститори.

***Решение:***

Искористување на веќе постоечкиот цевковод од урбаната заедница „11-ти Октомври“ згради до Пинтија - Охис за обезбедување на гас за домаќинствата, како и стопанските објекти. Изградба на гасоводна мрежа до индустриската зона на потегот Пинтија - Драчево.
Рок на реализација, 2014 - 2016 година

**•Енергетска ефикасност**

***Проблем:***

И покрај ограничениот буџет, Општина Кисела Вода издвојува значителни средства за загревање на училишните згради, институции во надлежност на општината (училишта , градинки, општинска зграда, урбани зедници), проблем кој произлегува од непостоењето на соодветна изолација во нивната градба.

***Решение:***

Замена на прозорците во ОУ „Круме Кепески“ заради обезбедување енергетска ефикасност и заштеда на топлинска енергија.
Рок на реализација, 2014 година.

***Проблем:***

Не постои доволно искористување на ефикасноста и можностите кои што ги нуди сончевата енергија и добрата изолираност на домовите. Од оваа причина, голем број домаќинства плаќаат многу повисоки сметки за затоплување на своите домови.

***Решение:***

Проект „Сонцето пријател на домот“ - кофинансирање на 150 домакинства во вредност од 300 евра кои ќе ги изолираат своите домови со изолационен материјал. Рок - Секоја година.
Проект „Сонцето пријател на домот и домашниот буџет“ - Кофинансирање на (100) домаќинства во вредност од 300 евра кои би поставиле сончеви колектори.

Рок - секоја година

Проект„Енергетскиефикаснафасадазасекојазграда“-Кофинансирање или обезбедување поволни кредитни услови, јавно партнерство со стопанските заинтересирани субјекти и

Проект „Фасада за мојата зграда“ - Помош и подршка на секој куќен совет во вредност од 5.000 евра кои ќе ја изолираат и обноват фасадата и ќе го уредат просторот околу зградата со хортикултура , клупи или други содржини.

Рок на реализација, 2016-2017година

- **Греење**

***Проблем:***

Голем број семејства во населените места Пинтија и Драчево немаат довод на топлинска енергија од градската мрежа. Оваа ситуација е причина за зголемените сметки за огревно дрво на граѓаните, што исто така претставува и загадување на средината во која живеат истите граѓани. Кога би се рестартирал погонот „Енергетика“ во фабриката Охис, би се постигнало и делумно решавање на уште еден сериозен социјален проблем, невработеноста. Вработувањето на значителен број луѓе би го подобрило животот на голем број семејства кои што денес се на работ на егзистенцијата.

***Решение:***

Со рестартирање на погонот „Енергетика“ во ф-ката „ОХИС“ би се обезбедило топловодно греење за населените места Пинтија и Драчево со што би се постигнало:

- рестартирање на погон во ОХИС со можност за вработување на најмалку 100 нови работници и
- затоплување на домовите на граѓаните на Пинтија и Драчево со што директна корист би имале околу 25,000 граѓани или околу 7,000 домаќинства.

Рок на реализација, 2014-2015 година.

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА

ИДНИНАТАСЕГА!

# Водовод и канализација

***Проблем:***

Азбестните цевки што се наоѓаат на територијата на Општина Кисела Вода се огромен еколошки и потенцијално здравствен проблем за граѓаните на истата општина, но и пошироко. Иако постоеше во програмата на градоначалникот Марјан Ѓорчев, оваа заложба никогаш не се реализира во практика и остана како празно ветување.

***Решение:***

Замената на азбестните цевки на главниот цевковод на потегот од „Бул. Србија“ до населба Драчево би преставувала добра можност во насока на обезбедување здрава и квалитетна вода за пиење, но и остварување на еколошките стандарди за околу 30.000 граѓани на општината.
Ако се има предвид дека од овој цевковод со вода за пиење се снабдуваат и општите Зелениково и Студеничани, а истовремено од селото Батинци истиот се дисперзира и кон Марков Манастир, бројот на корисници може да биде и поголем од 45.000.

Рок на реализација, 2013-2015 година

***Проблем:***

Во населба и село Драчево, во местото викано „Порупа“ горна зона како и во урбаната заедница „Цветан Димов“, во зградите на ул. „Димо Хаџи Димов“ се чувствува слаб притисок на водата во летниот период.

***Решение:***

Реконструкција на краци поради слаб притисок на ул. „Ратко Митровиќ“ во населба Драчево, во местото „Порупа“ - горна зона и на ул. „Димо Хаџи Димов“ Со овие реконструкции на водоводната мрежа би се решил долгогодишниот проблем на граѓаните со снабдување со вода посебно во летниот период.

Рок на реализација, 2013-2014година

***Проблем:***

Непостоењето на канализациона мрежа  во поедини области во општина Кисела Вода во 21 век преставува проблем не само за граѓаните во тие населени места туку проблем и за општината во целост.

***Решение:***

Во наредниот период ќе пристапиме кон реализација на проектот „Општина по мерка на и за граѓанинот“ со кој Кисела Вода конечно ќе го реши проблемот со непостоење на фекална канализација на својата територија. Проектот ќе се состои од:

- Изградба на фекална канализација во Урбана заедница „11-ти Октомври“  бараки - место викано „Градинар“ на 3км од центарот на Скопје. Ова населено место со околу 1000 жители се соочува со проблем кој градоначалникот на Општината иако имаше ветено во неговата програма не го реши и покрај постоењето на проект изработен во периодот кога СДСМ ја имаше локалната власт во општината.

Рок на реализација, 2014-2015 година

-Изградба на фекална канализација на Ул. Христо Узунов, канализациона мрежа во населеното место Припор, на ул.„Герника“ во населба Драчево, во месноста „Каменик“, делови од населба Пинтија кои не се опфатени со постоечката канализациона мрежа, ул. „Партизански пат“,  како и делови од улици кои не се опфатени со постоечката фекална канализацона мрежа во село Драчево.

Рок на реализација 2013-2016 година

- За непречено функционирање на канализационата мрежа во населба и село Драчево, како и местото викано „Потстаница“ ќе се изгради пречистителна станица во соработка со Град Скопје како голема инвестиција.

Рок на реализација, 2013-2016 година

***Проблем:***

Проблемот со опфатот на атмосферските води во општина Кисела Вода, барем досега беше еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат

досегашните градоначалници, а кои директно влијаеја врз квалитетот на живот на граѓаните во општината. Прибирањето на водите е од клучна важност бидејќи буквално после секој дожд ги претвaараат улиците на општината во езера и ги поплавуваат домовите и подрумите на граѓаните.

***Решение 1:***

Кандидатот за градоначалник на „Сојузот за иднината“ ќе започне со решавање на овој проблем, со изградба на атмосферската канализација на потегот Ул. Бистра -Бензиска пумпа - Ужичка република - Жарко Зрењанин – како прва фаза до конечното разрешување на овој проблем кој предизвикуваше поплавување на зградите, како и домовите на граѓаните во населбата.

Атмосферските води се слеваат од патот за Китка и село Драчево. Во рамките на атмосферско одводнување (прва фаза) потребно е да се изгради атмосферска канализација и по улиците „Малешевска“, „Славка Димкова“, „Румена Хаџи Панзова“ до колекторот (ул. Жарко Зрењанин како градска инвестиција). Овој проблем градоначалниците на ДПМНЕ не покажаа интерес да го решат.

Рок на реализација (етапно до крајот на мандатаот) средината на 2014 - средината на 2015 година.

***Решение 2:***

Во населба Пржино - изградба на атмосферска канализација на улица „Зеленгора“, „Милан Мијалковиќ“.

Рок на реализација, 2014 година

***Решение 3:***

Во населба „11 Октомври“ згради - изградба на атмосферска канализација на улиците.„ Ѓорѓи Сугаре“, „Фредерик Шопен“, месноста„ Каменик“.

Рок на реализација, 2014 година

***Решение 4:***

Во урбана заедница „Кисела Вода“ - решавање на проблемите

предизвикани од непостоење или лошо изведена атмосферска канализациона мрежа.

Рока на реализација, 2013 година

# Урбанизам

Ќе се изврши целосно усогласување на ДУП на општината со ГУП на Град Скопје, но ќе се разгледаат можности за редефинирање на решенијата кои не се во целосен интерес на граѓаните.

Со урбанизацијата ќе се втемелат подолгорочни решенија за развојот и напредокот на урбаните и месните заедници и општината во целина. Ќе се настојува измените да не бидат во функција на девно политичките или ад хок бизнис потреби  на поединци. Дополнително, поради веќе воочените проблеми веднаш ќе пристапиме кон промена на ДУП-от и реурбанизација на Реонски центар Драчево.

Рок за реализација, 2013-2014 година

**•Зелени катчиња и рекреација**

***Проблем:***

Недостиг на проекти кои што би ја поттикнувале еколошката свест на граѓаните и би ја подобриле животната средина во Кисела Вода.

***Решение 1:***

Ботаничка градина во с. Драчево за зачувување, проучување на ендемски видови растенија, како и растенија донесени и прилагодени на оваа средина. Овој проект е поврзан со дел од структурата на населението, нивните занимања како и едукацијата на учениците од средното земјоделското училиште и учениците од основните училишта.

Рок на реализација, 2016 година

***Решение 2:***

Определување локации во близината на населбите кои би биле опфатени со пошумување, како и стимулирање на граѓаните за парковско уредување на нивните дворови  и слободни површини.

***Проблем:***

Позначајните улици во Општина Кисела Вода немаат дрвореди, со што квалитетот на животот на граѓаните е значително намален.

***Решение:***

Засадување на дрворед по ул.„Првомајска“ за намалување на бучавата и загаденоста од издувните гасови на возилата.

Рок на реализација, 2016 година

## Сообраќај

- **Изградба, пробивање и асфалтирање на улици**

***Проблем:***

Квалитетната изградба на улици и нивното редовно одржување преставува еден од главните фундаменти на урбаното живеење. Сведоци сме дека Кисела Вода не може да се пофали со целосна квалитетна сообраќајна мрежа. Токму затоа ќе се зафатиме со решавање на овој проблем кој се надеваме ќе го завршиме на задоволство на граѓаните. Проектот со кој ќе се зафатиме во наредниот четиригодишен период го нарековме „Улиците огледало на општината“.

По изградбата на атмосферската канализација мора да се пристапи кон санација на улиците кои се во лоша состојба и треба итно да се обноват и доасфалтираат. Со овој проблем се соочуваат околу 2.000 граѓани од урбаните заедници „Цветан Димов“, „11-ти Октомври“, „Бобан Трпков“ и село Драчево.

***Решение:***

*Во Урбана заедница „Цветан Димов“*

- Реконструкција на тротоарите на ул „Божидар Аџија“.

Рок на реализација, 2013 година.

- Реконструкција и изградба на тротоари на ул „Томе Томшиќ“.

Непостоењето на тротоарите по оваа мала но фрекфентна улица по која се движат учениците кои го посетуваат ОУ „Партение Зографски“ и градинката „Весели Цветови“ ја загрозува нивната безбедност како и безбедноста на возачите.

Рок на реализација, 2013 година.

- Реконструкција на ул. „Доситеј Обрадовиќ“ направена во времето на градоначалникот Ѓорѓе Арсов. Оваа улица не е нивелирана, така што при секој дожд се собира вода. Дополнително, целата улица е полна со дупки.

Рок на реализација, 2013 година.

*Во УЗ „11 Октомври“ згради*

- Потребно е да се изврши поправка и асфалтирање на ул „Пушкинова“и ул „Народни Херои“ која е градска улица.

Рок на реализација, 2013 година.

*Во УЗ Бобан Трпков (нас. Драчево)*

- Реконструкција на ул „Жарко Зрењанин“.

Рок на реализација, 2014 година.

*Село Драчево*

- Ревитализација на ул „Сердарот“ во насока кон железничката станица нас. Драчево со поплочување на насипот односно урбано уредување на насипот на реката Мала Рада.

•**Паркинзи**

***Проблем:***

Проблемот со паркинзите е реален и голем. Немањето паркинг простор го загрозува животот на граѓаните кои често се принудени наместо по тротоарите да се движат по коловозите, пред се поради паркираните автомобили на тротоарите.

***Решение:***

Ќе се пристапи кон изградба на монтажни гаражи секаде каде што за тоа ќе постои можност. Приоритетен ќе биде просторот до економското училиште „Васил Антевски Дрен“. Дополнително, ќе ја разгледаме можноста дел од просторот во поранешната ф-ка „Цветан Димов“ да се искористи како паркинг простор. Најважно, паркинзите ќе бидат бесплатни за користење.

Рок на реализација, 2014 година.

## Пазари

***Проблем:***

На територијата на општина Кисела Вода во моментов функционираат три пазари, од кои само еден ги задоволува стандардите за квалитетно складирање и продажба на земјоделски производи.

***Решение:***

Наша заложба е пазарите да преставуаат обележје на општината. Хигиената, безбедноста на производите, ќе бидат на прв план. Се залагаме пазарите да бидат од затворен тип со што и купувачите, но и продавачите би биле заштитени од студените зимски и од жешките летни денови.

Ќе пристапиме кон изградба на покриен пазар во нас. Драчево со сите улови за пазарување со хигиено - технички услови, карактеристични за 21 век.

Дополнително, во комуницација со граѓаните ќе ја разгледаме можноста за отворање нови пазари и во другите населени места.

Рок на реализација, 2014-2017 година

# Речно корито

***Проблем:***

Влезот во населба Драчево, кај Маркова Река со години стои неуреден и преставува грда слика за населбата.

***Решение:***

Регулирање на Маркова Река на влезот во нас. Драчево. Со регулацијата на речното корито и урбанистичко и хортикултурно уредување, овој простор би прераснал во уредно катче со реквизити за спортување и детски игралишта кои недостасуваат во овој дел од Кисела Вода.

Рок на реализација, 2013-2014 година.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални

***Проблем:***

Постоечките бараки на Општината не ги задоволуваат потребите на граѓаните, ниту пак го исполнуваат предусловот за ефикасно функционирање на општинската администрација. Во изминативе 8 години власта на ВМРО - ДПМНЕ не го реши овој проблем кој е само зачеток на низа други проблеми со кои што се среќаваат граѓаните.

***Решение:***

Изградба на нова општинска зграда на постоечкото место според највисоките европски и светски стандарди за организација на јавна адмиинистрација.

Рок на реализација, 2014-2015 година

***Проблем:***

Поради недоволниот број на градинки на територијата на Општина Кисела Вода, опфатот на деца кои се згрижени и воспитувани во предшколска возраст е еден од најмалите во Град Скопје.

***Решение:***

Изградба на три градинки во„ Драчево“, „Кисела Вода“ и во нас. „Пинтија“.

Рок на реализација, 2014 - 2017 година

***Проблем:***

ОУ „Невена Георгиева Дуња“, изградено со урбанизацијата на општината по катастрофалниот земјотрес во 1963 година, повеќе не ги задоволува минималните стандарди и потреби за одвивање на воспитно - образовниот процес. Училиштето е дотраено, а неодамнешното паѓање на кровот само ја потврдува нашата констатација.

***Решение:***

Изградба на нов објект на ОУ „Невена Георгиева Дуња“ на постоечкото место.

Рок на реализација, 2014-2015 година.

***Проблем:***

Недоволно искористување на можностите за рекреација и развивање на туризмот во близина на „Марково Крувче“, „Пеленица“, „Три Круши“ и „Марков Манастир“.

***Решение:***

Обнова на историскиот локалитет „Марково Крувче“

– изградба на објект по планот на средновековна тврдина на падините на Средно Водно како туристичко –историски локалитет

- комплетирање на туристичката понуда поради близината на локалитетот „Пеленица“, месноста „Три Круши“ и манастирот „Марков Манастир“.

Рок на реализација, 2016 година

## Економски развој

***Проблем:***

Недоволно искористени можности за инвестирање во економскиот развој на општината.

***Решение:***

Новата општинска власт предводена од „Сојузот за иднината“ ќе се залага за што е можно поговеќе инвестиции во општински проекти во која насока ќе се спроведува проект за поддршка на мали и средни бизниси како и на промоција на општината на саеми или пред домашни и странски инвеститори со цел да се овозможи влез на свеж капитал во различни области.

Општината од своја страна низ берза на трудот, квалификации и доквалификации, како и преку инвестирање во инфраструктурата ќе овозможи инвеститорите работната сила да ја бараат пред се помеѓу младите од општината.

***Проблем:***

Во Општина Кисела Вода нема индустриска зона, која што би го поттикнала локалниот економски развој на општината и која што би привлекла домашни и странски инвестиции и отворање на нови работни места. Сегашната власт се уште не успеа да одреди локација за индустриска зона, со што се кочи и економскиот развој на општината.

***Решение:***

Изградба на индустриска зона. Со ваквиот потег би се привлекле инвеститори и би се потпомогнало развивањето на бизнис климата, со што ефективно ќе се зголемат можностите за вработување и животниот стандард на граѓаните.

Рок на реализација, 2015 година.

# Подобри услуги за граѓаните

**•Администрација**

***Проблем:***

Во услови кога светот гради отворени општества преку доследно почитување на принципот на одговорно владеење, нашите сограѓани се соочуваат со проблем на намалена доверба, отежнат пристап и отсуство на транспарентност на релација граѓани - општинска администрација, исклученост на граѓаните од процесот на одлучување при креирањето на јавните политики на локално ниво.

***Решение:***

Работно време усолгласено со потребите на граѓаните;
Градење на доверба и воспоставување на пријателски однос;
Проект: „Обуки и награди наместо казни"
Бесплатна правна помош за помош пред државни органи на власт;
Отворени денови со службите во општината.

**•Побрзо вадење документи**

***Проблем:***

На територијата на Општина Кисела Вода постојат населени места кои се оддалечени од општинската зграда и општинската администрација, при што нашите сограѓани немаат соодветен пристап до службите на општината за завршување на секојдневните комунални и административни потреби.

***Решение:***

По преземањето на власта, општинската администрација предводена од „Сојузот за иднината", ќе отвори истурени канцеларии во урбаните заедници во населба „Драчево", „Пинтија", „11 Октомври" згради и „Црниче".

Рок на реализација, 2014-2016 година.

Дополнително, ќе го реализираме проектот „Документ до дома“ каде општинските службеници по комплетирање на потребните дозволи или решавање на некое барање документите ќе ги доставуваат до местото на живеење на граѓанинот, доколку изрази таква желба поради старост, болест или друга попреченост или до седиштето на фирмата.
Рок на реализација, 2015 година.

- **Јавен превоз**

***Проблем:***

Проблематична инфраструктура и структура на јавниот превоз.

***Решение:***

Поставување на клупи и тенди на секое стојалиште со можност за бесплатен интернет.

Рок на реализација  2015година

***Проблем:***

Иако е најголема и географски најраспространета општина на територијата на Град Скопје, Општина Кисела Вода е се уште многу слабо покриена со линии на јавниот градски превоз.

***Решение:***

Градоначалникот на Општина Кисела Вода од редовите на „Сојузот на иднината“ веднаш по стапувањето на функција ќе се заложи кај Јавното Сообраќајно Претпријатие за воведување нови автобуски линии за потребите на жителите на Општина Кисела Вода и тоа на релација :

А) Пржино - Цветан Димов - 11-ти Октомври згради - 11 Октомври Бараки - Аеродром

Б) Драчево - 11 Октомври бараки згради - Цветан Димов - Центар - Државна болница.

# Квалитетен живот

## Образование

Образованието е една од клучните компоненти на локалниот економски развој. Поаѓајќи од ова сознание, новата локална власт на Општина Кисела Вода ќе вложи сериозни напори врз база на конкретни стратегии, проекти и активности за унапредување на воспитно-образовниот процес, за подигање на стандардите во кои тој се одвива и за воведување на иновативни и креативни решенија кои треба да резултираат во подобро образование на населението.

Како што можевте веќе да прочитате, во рамките на инвестиционите активности предвидовме изградба на три нови градинки на територијата на општината и проширување на веќе постоечките капацитети. Освен во градинки, ќе вложуваме и во квалитетот на престојот на учениците во училиштата, преку изградба на нов објект за ОУ „Невена Георгиева - Дуња", но и континуирани зафати за подобрување на просторните услови во останатите училишта.

Успехот многу често зависи и од дополнителната мотивација. Ние во „Сојузот за иднината" тоа го разбираме и затоа се обврзуваме успешните дополнително да ги поттикнуваме.

- Стипендии за 50 талентирани младинци од областа на информатиката, математиката и архитектурата.

- Стипендии за 100 таленти од различни области за време од 4 години (односно до завршување на средното образование).

- Избор на најдобри наставници (по 3-ца од секое основно училиште и градинка).

Во време на економски предизвици, должност на секоја социјално-одговорна власт е да преземе дел од финансискиот товар на родителите во образованието на нивните деца. За таа цел, веднаш по преземањето на локалната самоуправа ќе преземеме мерки:

- децата згрижени во градинките да добиваат бесплатна храна, како и бесплатни екскурзии што Ќе бидат на товар на општината;
- учениците во основните училиште ќе добиваат бесплатно овошје чиј трошок ќе падне на товар на општината;
- родителите ќе бидат ослободени од плаќање партиципација за обезбедување на агенциите за обезбедување, а сигурноста на учениците ќе биде во надлежност на општината, полицијата и ќе се обезбедат и други мерки за безбедност на учениците

## Помош на ранливи групи

***Проблем:***

Лицата со посебни потреби, со потежок или полесен вид на хендикеп и потешкотии во развојот, не се доволно вклучени во општествениот живот на Кисела Вода. Нивната апсолутна зависност од блиски лица претставува безизлезна ситуација и пречка за нивно осамостојување. Посебен преизвик претставува нивната финансиска зависност чиешто решавање е првиот чекор кон целосно елиминирање на проблемот.

***Решение:***

Веднаш по преземањето на мандатот, новата општинска администрација предводена од „Сојузот за иднината“ ќе започне со реализација на проект за вработување на инвалидизирани лица, преку кој од општинскиот буџет ќе се издвојуваат средства за субвенционирање на дел од платата на овие лица кои се вработени на територијата на општина Кисела Вода.

Рок на реализација, континуирано.

**_Проблем:_**

Големината на една власт се мери преку нејзината грижа за најранливите категории граѓани.

**_Решение:_**

Новата локална власт ќе издвојува дополнителна материјална помош на најзагрозените сиромашни семјства во опшштината врз однапред изготвени критеруими.

Дополнително, се обврзуваме да обезбедиме редовна неповратна помош за талентирани, но сиромашни ученици во основните и средните училишта, како и на лица со посебни потреби

Помош за секое новороденче во првата година од неговиот живот. Со оваа мерка не само што ќе придонесеме кон растот на наталитетот, но и ќе дадеме скромна помош за подобар квалитет на живеење на семејството.

Рок за реализација континуирано.

## Спорт

**_Проблем:_**

Условите за рекреативно и професионално спортување во општина Кисела Вода се на крајно незадоволително ниво што директно влијае врз квалитетот на животот на граѓаните. Недостатокот на спортска инфраструктура, организирани активности и мерки за поттикнување и промоција на спортот не обврзуваат да преземеме сериозни чекори кон надминување на ваквата состојба.

**_Решение 1:_**

Изградба на спортски центар во местото викано „Дупки„ во с. Драчево со можност за изгрдба на покриен базен потребен за жителите на Кисела Вода како и соседните општини. Драчево претставува регионален центар за овој дел од Скопскиот регион и пошироко за рекреација, за одржување на часови за учениците од основните училишта и за тренинзи на заинтересирани за бавење со водени спортови.

Рок на реализација 2015-2017 година

***Решение 2:***

Изградба на трибини, како и дооформување на веќе постоечкиот спортски центар во урбана заедница „11-ти Октомври“ бараки.

Рок 2016-2017

***Решение 3:***

Обновување и санација на спортско-рекреативниот центар „Гоцево Чешмиче“.

Рок 2014-2015

***Решение 4:***

Санација и реконструкција на игралиштето „Оксиген“ во село Драчево како можност за негово развивање во мал рекреативен спортски центар

Рок: 2015

***Проблем:***

Не постои локална лига во која би се натпреватувале и истакнувале спортистите од општина Кисела Вода.

***Решение:***

Организирање и покровителство на спортски турнири и воспоставување на нова традиција во чест на загинатите бранители.

***Проблем:***

Воведувањето на најмладите во светот на спортот е предуслов за изградба на здраво општество во иднина.

***Решение:***

Обезбедување на спортска опрема за децата од 5 до 9 одделение.

Рок: секоја година

# Култура

***Проблем:***

Во Општина Кисела Вода денес недостасува простор за изведба на разни културни манифестации кои што ќе бидат од големо значење за жителите, со посебен акцент на младите луѓе.

***Решение 1:***

Изградба на амфитеатар со фонтана и клупи со спомен обележје за 11 -ти Октомври- Ден на востанието на Македонскиот народ, позади бараката на УЗ „11-ти Октомври“. Овој објект ќе придонесе за развивање на културата во нашата општина, преку зголемување на бројот на манифестации и случувања со зголемена посетеност и ниво на квалитет.

Рок на реализација  2016-2017 година

***Решение 2:***

Отворање на Центар за негување, изучување на стари занаети и културни вредности во с. Драчево.

Рок за реализација, 2015 година

***Решение 3:***

Изградба на културен центар со пропратни содржини(куклен театар, театар за деца и младинци, библиотека простор за пензионери) во населбата Драчево на  местото на  Урбаната заедница .

Рок за реализација, 2016 година.

***Решение 4:***

Санација и реконструкција на културниот Дом во  с.Драчево како и Домот на културата во Кисела Вода со пропратни содржини за сите генерации.

Рок за реализација, 2016-2017

***Решение 5:***

***Организирање на годишни културни манифестации, Културно лето „Три круши“, мултиетничкиот проект „Пеленица“ и „Мајски средби“ под покровителство и со финансиска поддршка од Општината, преку кои ќе се афирмираат културните, литературните и уметничките достигнувања во изминатата година.***

***Решение 6:***

Воспоставување на Ден на уметноста – концерти  и изложби на афирмирани и млади таленти.

# Моето маало

## с. Драчево

1. Натстрешници на автобуските постојки
2. Корпи за отпадоци по улиците
3. Да се реконструира или закрпат дупките на ул „Ратко Митровиќ“ бр 21
4. Во „Велешката населба“-Покривање на отворениот канал.

## нас. Драчево

1. Проширување на  ул „Првомајска„ до Драчево
2. Поставување корпи за отпадоци по улиците посебно на постојките како и уредување на истите
3. Санација-поправка на малите улици во населбата,чистење на фекалната канализација,поправка на шахти (раскрсница ул Китка -ул. Р.Митровиќ)
4. Изградба на културен центар,
5. Изградба (проширување) на мостот на каналот на ул „Киро Фетак“(Пат за Долно Лисиче)

## Пинтија

1. Реконструкција и поставување на ново улично осветлување на улиците „Јабланица„ во должина од 600м и на ул. „Саса„
2. Целосна реконструкција на постоечкото спортско игралиште изградено со самопридонес во СФРЈ
3. Менување на збирната канализациона цевка во должина од 100 м од ул Саса попречно преку Јабланица до Ул Првомајска
4.  Амбуланта како потреба на урбаната заедница
5. Изградба на Градинка

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА
ИДНИНАТАСЕГА!

## 11-ти Октомври бараки

1. Поставување улично осветлување на крак од ул „Првомајска“ веднаш после семафорите кај Цементарница „Усје“
2. Игралиште за деца на ул „Првомајска“ 7
3. Урбна опрема на ул „Евтим Спространов“ 36
4. Зелено катче на ул „Петар Драпшин“ 15
5. Урбана опрема на ул.„Лазар Димитров“ 9
6. Фудбалско игралиште на ул.„Кумановска“ 129
7. Павер елементи на тротоарул. „Добромир Хрс“ 57
8. Зелено катче наул.„ Првомајска“10
9. Уредување на просторот покрај пругите по целата должина на населбата

## 11-ти Октомври згради

1. Заштита на дивиот премин преку пругата
2. Детско игралиште на ул „Михаил Чаков“ зг 2/72/18
3. Зеленило и осветлување секаде каде што има потреба

4 Осветлување на трим патеката по целата нејзина должина

5. Урбана опрема на ул.„Пушкинова“
6. Уредување на паркинг просторот пред општината кој е поплавен после секој дожд

## Кисела Вода

1. Изградба на паркинг на ул „Локов“ 26-А-1
2. Улично осветлување на ул. „Сава Ковачевиќ“ 2/33
3. Велосипедски патеки на ул. „Димо Хаџи Димов“ 65
4. Реновирање на игралиштетето на ул.„ Димо Хаџи Димов“ 77

## Припор

1.Автобуска линија на ул „Сава Ковачевиќ“ 14 до игралиштето
2. Паркинг на ул „Сава Ковачевиќ“ 19
3. Минибус кој би сообраќај на половина час од 06:00 до  00:00 часот.
4. Реконструкција на ул. „Сава Ковачевиќ“
5. Обезбедување поголема сигурност на постоечкото игралиште на ул. „Сава Ковачевиќ“ 14, и збогатување на истото со нови содржини за најмладите.

## Цветан Димов

1.Изградба на паркинзи
2. Зеленило на ул „Ѓорѓи Димитров“
3. Паркинг и зелено катче на ул„ Балканска“ и „Есенинова“
4. Асфалтирање на просторот пред  и позади зградата на Маркет „Рептил“

## Усје

1. Реконструкција на фекалната мрежа
2.Збогатување на населеното место со нови спортски содржини посебно за најмладите
3.Обнова и подобрување на водоснабдувањето
4.Пробивање и изградба на нови улици

## Бирарија

1.Поголемо одржување на јавната чистота на ул „Огњан Прица“
2. Уредување на просторот зад  зградите на ул.„Димо Хаџи Димов“

## Црниче

1.Зелено катче и игралиште на ул „Серска“ бр 14
2.Асфалтирање на тротоарите на ул „Христо Узунов“ 2
3.Проширување на ул „Кајларска“, изградба на тротоари и поставување јавно осветлување

## Пржино

1. Асфалтирање на ул„ Пржино“
2. Изградба на детско игралиште на ул „Кавалска“
3. Реконструкција на ул „Милан Мијалковиќ“
4. Спортско игралиште на ул„ Мегленска“

**ЗАБЕЛЕШКИ**

## ИДНИНАТА СЕГА!

### МОЈАТА ВИЗИЈА ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА КИСЕЛА ВОДА

- Целосна гасификација на општината
- Рамномерен економски и културен развој на целата територија на општината
- Нови работни места за младите
- Целосна урбанизација на сите населени места
- Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа низ целата општина
- Зголемување на енергетската ефикасност на сите стамбени објекти на територијата на Кисела Вода
- Изградба на нови градинки и училишта
- Поддршка и субвенционирање за претпријатијата кои ќе отворат нови работни места
- Инвестирање во спортот и воспоставување на локална кошаркарска лига за младинските категории
- Стипендирање на најталентираните ученици
- Изградба на нови и ревитализација на старите културни центри

## ВРЕМЕ Е!

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА